Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 17.05.2020

На 16.05.2020 во 15.45 часот на Средно Водно, на патот кон Нерези, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.Г.(19) од Скопје, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.05.2020 во 15.20 часот на ул.„Братство Единство" во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово од слобода го лишиле Д.Ј.(23) од с.Љубодраг, кумановско, затоа што при преглед кај него била пронајдена бела прашкаста материја. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.05.2020 во 13.00 часот на ул.„Димче Мирчев" во Неготино, 16-годишник од Неготино, управувајќи мопед, со неготински регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. По незгодата, малолетникот бил пренесен во Здравствен дом Кавадарци за укажување на лекарска помош, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид извршила екипа од Полициската станица Неготино.

На 16.05.2020 во 04.15 часот во с.Велебрдо, пред селската џамија, за време на ограничено движење, од страна на полициски службеници од Полициското одделение Ростуше, поради илегален престој во РСМ, бил приведен Д.Р.(25) од Р.Албанија. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Во периодот од 21.00 часот на 15.05.2020 до 02.00 часот на 16.05.2020, полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Стење, во водите на Преспанското езеро во с.Штрбово и во с.Наколец, на околу 50 метри од брегот на езерото, пронашле рибарски мрежи со улов. Риболовниот алат и рибата биле подигнати од водите на езерото и биле однесени во Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Стење за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2020 во 15.00 часот на ул.„Љуботенска" во н.Голема Речица во Тетово се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „бмв", со тетовски регистарски ознаки, управувано од З.З.(42) од н.Мала Речица и мотоцикл „лонгиа", со гостиварски регистарски ознаки, управуван од И.А.(32) од н.Голема Речица. Во незгодата, возачот на мопедот се здобил со тешки телесни повреди, кои му биле констатирани во Клиничката болница Тетово, каде бил пренесен за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 16.05.2020 во 22.30 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници го забележале Ф.А.(20) од Скопје за време на ограничено движење и му укажале дека ќе биде приведен, затоа што не ја почитувал мерката за ограничено движење. Во тој момент дошол неговиот брат Б.А.(29) и физички ги нападнал полициските службеници. Тој бил лишен од слобода и приведен во полициска станица, додека Ф.А. ја искористил ситуацијата и побегнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Во периодот од 21.00 часот на 15.05.2020 до 04.00 часот на 16.05.2020, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Охридско Езеро, во водите на Охридското езеро, на околу 200 метри од брегот на езерото, спроти хотел „Метропол", на околу 20 метри од брегот на езерото, спроти АК„Извиднички" и на околу 10 метри од брегот на езерото, спроти плажа „Версус", пронашле повеќе рибарски мрежи и уловена риба. Риболовниот алат и рибата биле подигнати од водите на езерото и биле однесени во Полициската станица за граничен надзор Охридско Езеро за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На ден 16.05.2020 во ОВР Кочани било пријавено дека околу 19.05 часот на ул.„Ѓорче Петров" во Кочани, мотоцикл „хонда 450", без регистарски ознаки, управуван од И.М.(52) од Кочани се превртел на коловозот. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница Кочани, каде бил пренесен за укажување лекарска помош. Увид извршила екипа од Полициската станица Кочани.

На 16.05.2020 во 13.30 часот во СВР Битола, З.Н. од с.Драгарино, битолско, пријавил дека, додека работел на нива во атарот на селото, пронашол стара артилериска граната од Првата светска војна. Увид извршила екипа од СВР Битола, а од страна на пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување гранатата била безбедно подигната.

На 16.05.2020 во 18.00 во СВР Куманово, Д.Р.(70) од Куманово пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 1050 евра. Според пријавеното, околу 13.00 часот ѝ се јавило машко лице кое ѝ кажало дека ќерка ѝ направила сообраќајна незгода и згазила дете, а дека само тој како очевидец можел да ја спаси ќерка ѝ да не оди во затвор, доколку му даде пари. Исто така, според пријавеното, лицето ѝ кажало дека ќерка ѝ има скршена вилица и не може да зборува. Таа му поверувала и околу 16.00 часот излегла пред зградата каде што живее и му ги дала парите. Според пријавата, веднаш потоа се јавила ќерка ѝ, по што Д.Р. заклучила дека била измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 16.05.2020 во 23.04 часот во СВР Скопје, Р.О.(31) од Скопје пријавил дека околу 18.50 часот на ул.„Џон Кенеди", додека бил на улица до неговиот двор со тројца роднини, дошол неговиот сосед Д.Х. и започнале вербална расправија. Според пријавеното, потоа Д.Х. заминал во својот дом и се вратил со пиштол, со кој му се заканувал на Р.О., но бил спречен од неговиот син. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 16.05.2020 во 21.10 часот во Полициската станица Карпош, М.П.(61) од Скопје пријавил дека околу 18.50 часот на крстосница од ул.„Војвода Васил Чакаларов" со ул.„Осло" бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2020 во 20.00 часот во Полициската станица Чаир, С.Ш.(44) од с.Мирковци, скопско, пријавил дека околу 17.30 часот на ул.„Бутелска" во Скопје неговиот малолетен син бил физички нападнат од А.Н. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 15.05.2020 во 23.15 часот во Полициската станица Кисела Вода, Б.Н.(24) од с. Долно Соње, скопско, пријавил дека околу 22.30 часот во с.Долно Соње бил физички нападнат од четири лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.05.2020 во 16.50 часот Полициската станица Аеродром, В.Т.(54) од Скопје пријавил дека околу 16.50 часот во влез на зграда на ул.„Анастас Митрев" бил физички нападнат од две лица. Сочинет е записник за констатиран прекршок по член 12 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 16.05.2020 во 18.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на ул. „Егејска" во Охрид бил нарушен јавниот ред и мир со физички напад извршен од А.К.(52) и Н.К.(29) врз Г.Б. (32), сите од Охрид. Нападнатиот бил префрлен во Општата болница во Охрид, каде му биле констатирани тешки телесни повреди. СВР Охрид презема мерки за целосно расветлување на случајот, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.05.2020 во 17.00 часот во ОВР Прилеп, Б.И.(56) од Свети Николе, а со живеалиште во Прилеп, пријавил дека околу 13.00 часот на ул.„Александар Македонски" бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.05.2020 во 17.45 часот во Полициската станица Гостивар било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" З.А.(63) од Гостивар, додека се движел, паднал на коловозот и се здобил со повреди. Тој бил пренесен во Ургентен центар Гостивар за укажување лекарска помош. Увид е извршен и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.